Врз основа на член 17 став (7) од Законот за вработените во јавниот сектор ("Службен весник на Република Македонија" бр. 27/14 и 199/14), Горан Стефановски Директор на ЈКП„Водовод“-Битола, на ден 08.12.2015 година, донесе :

П Р А В И Л Н И К
за систематизација на работните места во ЈКП „Водовод“ - Битола

I. ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој правилник се утврдува вкупниот број на вработените (административни службеници, даватели на услуги, помошно – технички лица) во ЈКП „Водовод“-Битола, распоредот, шифрата, називот и описот на работните места по организациони единици и посебните услови потребни за извршување на работите и на задачите на одделните работни места, согласно Правилникот за внатрешна организација на ЈКП „Водовод“-Битола бр.01-630/1 донесен на 13.11.2015 година.

Член 2

Работите и задачите што се вршат во ЈКП „Водовод“ - Битола се определуваат, согласно нивната сродност, меѓусебна поврзаност, видот, обемот и степенот на сложеноста, одговорноста и другите услови за нивното извршување.

Член 3

Работите и задачите утврдени со овој правилник претставуваат основа за вработување и распоредување на вработените во ЈКП „Водовод“ - Битола.

Член 4

Табеларниот преглед (работна карта) на работните места во ЈКП „Водовод“-Битола.

II. РАСПОРЕД И ОПИС НА РАБОТНИТЕ МЕСТА НА АДМИНИСТРАТИВНИТЕ СЛУЖБЕНИЦИ

Член 5

Во овој правилник се утврдени и опишани вкупно 40 работни места на административните службеници со 76 извршители, распоредени по организациони единици согласно Правилникот за внатрешна организација на ЈКП „Водовод“-Битола бр.01-630/1 донесен на 13.11.2015 година.

Член 6

Работните места од членот 5 на овој правилник се распоредени на следниот начин:

- Ниво Б1 3
- Ниво Б2 2
- Ниво Б3 0
- Ниво Б4 6
- Ниво В1 8
- Ниво В2 1
- Ниво В3 4
- Ниво В4 2
- Ниво Г1 0
- Ниво Г2 1
- Ниво Г3 9
- Ниво Г4 4

Член 7

Општи услови утврдени со Законот за административните службеници се:

- да е државјанин на Република Македонија,
- активно да го користи македонскиот јазик,
- да е полнолетен,
- да има општа здравствена способност за работното место и
- со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана на вршење професија, дејност или должност.

Член 8

(1) Посебни услови утврдени со Законот за административните службеници, за раководните административни службеници од категоријата Б се:

- Стручни квалификации за сите нивоа - ниво на квалификациите VI А според Македонската рамка на квалификации и најмалку 240 кредити стекнати според ЕКТС или завршен VII/1 степен;
- активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење,
- потврда за положен испит за административно управување,
- работно искуство, и тоа:
  - за нивото Б1 најмалку шест години работно искуство во струката од кои најмалку две години на раководно работно место во јавен сектор, односно најмалку десет години работно искуство во струката од кои најмалку три години на раководно работно место во приватен сектор,
  - за нивото Б2 најмалку пет години работно искуство во струката од кои најмалку две години на раководно работно место во јавен сектор, односно најмалку осум години работно искуство во струката од кои најмалку три години на раководно работно место во приватен сектор или
  - за нивоата Б3 и Б4 најмалку четири години работно искуство во струката од кои најмалку една година на работно место во јавен сектор, односно најмалку шест години работно искуство во струката

од кои најмалку две години на раководно работно место во приватен сектор;

- познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски, германски), и тоа:
  - а нивоата Б1 и Б2 преку поседување на меѓународно признат сертификат издаден од официјален европски тестатор, член на здружението ALTE на европски тестатори на Б2 (B2) нивото на ЦЕФР (CEFR), односно ИЕЛТС со 5-6 поени, ФЦЕ, БЕК В, ИЛЕК, ИКФЕ, БУЛАТС, или Аптис, или ТОЕФЕЛ ПБТ најмалку 500 бода, ТОЕФЕЛ ЦБТ најмалку 175 бода или ТОЕФЕЛ ИБТ најмалку 60 бода, или ДЕЛФ, ТЦФ, ТЕФ, или Гете сертификат, ТестДаФ и
  - за нивоата Б3 и Б4 преку поседување на меѓународно признат сертификат издаден од официјален европски тестатор, член на здружението ALTE на европски тестатори на Б1 (B1) нивото на ЦЕФР (CEFR), односно ИЕЛТС со 3,5 - 4,5 поени, ПЕТ, БЕК П, БУЛАТС, или Аптис, или ТОЕФЕЛ ПБТ најмалку 450 бода, ТОЕФЕЛ ЦБТ најмалку 135 бода, или ТОЕФЕЛ ИБТ најмалку 45 бода, или ДЕЛФ, ТЦФ, ТЕФ, или Гете сертификат.

(2) Потребни општи работни компетенции на напредно ниво:

- учење и развој;
- комуникација;
- остварување резултати;
- работење со други/тимска работа;
  стратешка свест;
- ориентираност кон странките/засегнати страни;
- раководење; и
- финансиско управување.

Член 9

(1) Посебни услови утврдени со Закон за административни службеници од категоријата В се:

- стручни квалификации, и тоа:
  - за нивото В1 ниво на квалификациите VI А според Македонската рамка на квалификации и стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен и
  - за нивоата В2, В3 и В4 ниво на квалификациите VI Б според Македонската рамка на квалификации и стекнати најмалку 180 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен;
- активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење,
- работно искуство, и тоа:
  - за нивото В1 најмалку три години работно искуство во струката,
  - за нивото В2 најмалку две години работно искуство во струката,
  - за нивото В3 најмалку една години работно искуство во струката или
  - за нивото В4 со или без работно искуство во струката;
- познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски, германски), и тоа поседување на меѓународно признат сертификат издаден од официјален европски тестатор, член на здружението ALTE на европски тестатори на А2 (A2) нивото на ЦЕФР (CEFR), односно КЕТ, ИЕЛТС со максимум 3 поени, БУЛАТС, или Аптис, или ТОЕФЕЛ ПБТ најмалку 400 бода, ТОЕФЕЛ ЦБТ најмалку 95 бода, или

ТОЕФЕЛ ИБТ најмалку 30 бода, или ДЕЛФ, ТЦФ, ТЕФ, или Гете сертификат.

(2) Потребни општи работни компетенции на средно ниво:
- решавање проблеми и одлучување за работи од својот делокруг;
- учење и развој;
- комуникација;
- остварување резултати;
- работење со други/тимска работа;
- стратешка свест;
- ориентираност кон клиенти/засегнати страни; и
- финансиско управување.

Член 10

(1) Посебни услови утврдени со Законот за административни службеници за помошно - стручни административни службеници од категоријата Г се:
- ниво на стручни квалификации V A или ниво на квалификации IV според Македонската рамка на квалификации и стекнати 180 или 240 кредити според ЕЦВЕТ или МКСОО или најмалку вишо или средно образование.
- активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење,
- работно искуство, и тоа:
  - за нивото Г1 најмалку три години работно искуство во струката,
  - за нивото Г2 најмалку две години работно искуство во струката,
  - за нивото Г3 најмалку една години работно искуство во струката или
  - за нивото Г4 со или без работно искуство во струката;
- познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски, германски), и тоа поседување на меѓународно признат сертификат издаден од официјален европски тестатор, член на здружението ALTE на европски тестатори на А1 (A1) нивото на ЦЕФР (CEFR), односно БУЛАТС или Аптис; или ТОЕФЕЛ ПБТ најмалку 310 бода, ТОЕФЕЛ ЦБТ најмалку 35 бода или ТОЕФЕЛ ИБТ најмалку 10 бода, или ДЕЛФ, ТЦФ, ТЕФ, или Гете сертификат.

(2) Потребни општи работни компетенции на основно ниво:
- учење и развој;
- комуникација;
- остварување резултати;
- работење со други/тимска работа;
- ориентираност кон странките/засегнати страни; и
- финансиско управување.

III. РАСПОРЕД И ОПИС НА РАБОТНИТЕ МЕСТА НА ДАВАТЕЛИТЕ НА УСЛУГИ

Член 11

Во овој правилник се утврдени и опишани вкупно 56 работни места на давателите на услуги во претпријатието со 137 извршители, распоредени по организациони единици согласно Правилник за внатрешна организација бр.01-630/1 донесен на 13.11.2015 година.

Член 12

Работните места од членот 11 на овој правилник се распоредени на следниот начин: (категорија)

- Ниво А1	3
- Ниво А2	0
- Ниво А3	7
- Ниво А4	1
- Ниво Б1	10
- Ниво Б2	10
- Ниво Б3	9
- Ниво Б4	6
- Ниво В1	7
- Ниво В2	3

Член 13

Општи услови утврдени со Закон за јавни претпријатија и колективен договор број 01-210 од 29.03.2007 година за давателите на услуги се:

- да е државјанин на Република Македонија,
- активно да го користи македонскиот јазик,
- да е полнолетен,
- да има општа здравствена способност за работното место и
- со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана на вршење професија, дејност или должност.

Член 14

(1) Посебни услови утврдени со Закон за јавни претпријатија и колективен договор за давателите на услуги од категоријата А се:

- Најмалку 240 кредити стекнати според ЕКТС или завршен VII/1 степен;
- работно искуство, и тоа:

- за нивото А1 најмалку четири години работно искуство во струката, од кои најмалку две години на раководно работно место во јавен сектор, односно најмалку шест години работно искуство во струката, од кои најмалку три години на раководно работно место во приватнен сектор;
- за нивото А2 најмалку три години работно искуство во струката, од кои најмалку две години на раководно работно место во јавен сектор, односно најмалку пет години работно искуство во струката, од кои најмалку три години на раководно работно место во приватен сектор
- за нивото А3 И А4 најмалку две години работно искуство во струката, од кои најмалку една години на работно место во јавен сектор, односно најмалку четири години работно искуство во струката, од кои најмалку две години на раководно работно место во приватен сектор
- активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење, преку приложување на потврда,
- познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски, германски), преку приложување на меѓународно признат сертификат издаден од официјален европски тестатор, член на здружението ALTE на европски тестатори, или уверение од меѓународна институција на А1 (А1) нивото на ЦЕФР (CEFR), односно БУЛАТС или Аптис; или ТОЕФЕЛ ПБТ најмалку 310 бода, ТОЕФЕЛ ЦБТ најмалку 35 бода или ТОЕФЕЛ ИБТ најмалку 10 бода, или ДЕЛФ, ТЦФ, ТЕФ или Гете сертификат

- .....

(2) Потребни општи работни компетенции на А нивоа:

- учење и развој;
- комуникација;
- остварување резултати;
- работење со други/тимска работа;
  стратешка свест;
- ориентираност кон странките/засегнати страни;
- раководење; и
- финансиско управување.

Член 15

(1) Посебни услови утврдени со Закон за јавни претпријатија и колективен договор број 01-210 од 29.03.2007 година за давателите на услуги во претпријатието од категоријата Б се:
- За нивото Б1 стекнати најмалку 180 кредити според ЕКТС или завршен VI Б степен;
- За нивоата Б2, Б3 и Б4 стекнато најмалку ниво на квалификации IV, 240 кредити според ЕЦВЕТ или МКСОО или четири годишно средно образование.
- работно искуство, и тоа:
  - за нивото Б1 најмалку три години работно искуство во струката;
  - за нивото Б2 најмалку две години работно искуство во струката;

- за нивото Б3 најмалку една година работно искуство во струката;
- за нивото Б4 со или без работно искуство во струката.

(2) Потребни општи работни компетенции на Б нивоа:

- учење и развој;
- комуникација;
- остварување резултати;
- работење со други/тимска работа;
  стратешка свест;
- ориентираност кон странките/засегнати страни;
- раководење; и
- финансиско управување.

Член 16

(1) Посебни услови утврдени со Закон за јавни претпријатија и колективен договор број 01-210 од 29.03.2007 година за давателите на услуги во претпријатието од категоријата В се:

- за сите нивоа - најмалку ниво на квалификации I или основно образование;
- работно искуство, и тоа:
  - за нивото В1 најмалку една години работно искуство во струката;
  - за нивото В2 со или без работно искуство во струката.
-

(2) Потребни општи работни компетенции на В нивоа:

- учење и развој;
- комуникација;
- остварување резултати;
- работење со други/тимска работа;
- ориентираност кон странките/засегнати страни; и
- финансиско управување.

IV. РАСПОРЕД И ОПИС НА РАБОТНИТЕ МЕСТА НА ПОМОШНО – ТЕХНИЧКИ ЛИЦА

Член 18

Во овој правилник се утврдени и опишани вкупно 18 работни места на помошно - техничките лица и 50 извршители, распоредени по организациони единици согласно Правилникот за внатрешна организација на ЈКП„Водовод“-Битола бр.01-630/1 донесен на 13.11.2015 година..

Член 19

Работните места од членот 18 на овој правилник се распоредени на следниот начин:

(одржување на објекти и опрема)

- Ниво А1 - 3 помошно-технички лица од прво ниво
- Ниво А2 - 2 помошно-технички лица од второ ниво
- Ниво А3 - 5 помошно-технички лица од трето ниво

(обезбедување на објекти и опрема)

- Ниво А1 - 2 помошно-технички лица од прво ниво
- Ниво А2 - 0 помошно-технички лица од второ ниво
- Ниво А3 - 0 помошно-технички лица од трето ниво
-

(превоз на лица и опрема)

- Ниво А1- 3 помошно-технички лица од прво ниво
- Ниво А2 - 2 помошно-технички лица од второ ниво
- Ниво А3 - 0 помошно-технички лица од трето ниво

(други помошно технички лица)

- Ниво А1 - 0 помошно-технички лица од прво ниво
- Ниво А2 - 1 помошно-технички лица од второ ниво
- Ниво А3 - 0 помошно-технички лица од трето ниво

Член 20

Општи услови утврдени со Закон за јавни претпријатија и колективен договор број 01-210 од 29.03.2007 година за помошно – техничките лица се:

- да е државјанин на Република Македонија,
- активно да го користи македонскиот јазик,
- да е полнолетен,
- да има општа здравствена способност за работното место и
- со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана на вршење професија, дејност или должност.

Член 21

(1) Посебни услови утврдени со Закон за јавни претпријатија и колективен договор број 01-210 од 29.03.2007 година за помошно –техничките лица од категоријата А се:

- помошно-технички лица од прво ниво, со најмалку ниво на квалификации IV, 240 кредити според ЕЦВЕТ или МКСОО или четиригодишно средно образование,
- помошно-технички лица од второ ниво, со најмалку ниво на квалификации III, 180 кредити според ЕЦВЕТ или тригодишно средно образование и

- помошно-технички лица од трето ниво со најмалку ниво на квалификации I или основно образование
- работно искуство, и тоа:
  - за нивото А1 најмалку 2 години работно искуство,
  - за нивото А2 најмалку 1 години работно искуство,
  - за нивото А3 без работно искуство.

V. ТАБЕЛАРЕН ПРИКАЗ НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО ЈКП „ВОДОВОД“ БИТОЛА

Сектор	
Одделение	
Реден број и шифра	1. КДР 01 02 Б01 004
Звање на работно место	Помошник Директор
Назив на работно место	Помошник директор за технички прашања
Број на извршители	1
Вид на образование	Градежништво и водостопанство
Други посебни услови	
Работни цели	Помошник директорот со својата работа обезбедува ефикасно и ефективно работење на ЈП, обезбедува реализирање на целокупната програма за работа како и координирање на сите работи на организационите единици
Работни задачи	• Го организира и координира работењето на Претпријатието за техничките прашања; • Врши анализа, оценување и проценување на прашањата и проблемите што се појавуваат во работата на Претпријатието; • Предлага ставови, концепти и иницијативи за решавање на одделни проблеми од областа на работата на техничкиот сектор како и план и развој на претпријатието; • Должен е да го познава комплетниот водоснабдителен систем на претпријатието; • Должен е да се грижи за квалитетно и навремено обезбедување на доволни количини на вода за водоснабдување; • Должен е да се грижи за квалитетно и навремено обезбедување на потребната инвестиционо-техничка документација од сите сфери, како и обезбедување на организацијата за стручен надзор да се реализира истата; • Преку своите сектори должен е да поднесува извештај и информации за извршување на оперативните задачи;

	• Учествува во изработката на краткорочни и долгорочни планови на претпријатието.
Одговара пред	Директорот

Сектор	
Одделение	
Реден број и шифра	2. КДР 01 02 Б01 020
Звање на работно место	Стручен соработник на Директорот
Назив на работно место	Стручен соработник на Директорот (за технички прашања)
Број на извршители	3
Вид на образование	Градежништво и водостопанство, Информатика
Други посебни услови	
Работни цели	Стручниот соработник со својата работа обезбедува ефикасно и ефективно работење на ЈКП
Работни задачи	• со своето работно и високо стручно искуство учествува во работата на претпријатието посебно во техничкиот дел. • консултант е на Директорот и другите негови соработници за оние делови во работата за кои смета дека ќе бидат од корист. • дава стручни појаснувања и совети за поедини прашања и проблеми од страна на техничкиот дел. • должен е да прибира податоци за работата на претпријатието од сите раководители на сектори и истите да ги обработува, а во координација со Директорот да ги доставува каде има потреба. • Учествува во изработката на краткорочни и долгорочни планови на претпријатието.
Одговара пред	Директорот на Претпријатието

Сектор	
Одделение	
Реден број и шифра	3. КДР 01 02 Б01 020
Звање на работно место	Стручен соработник на Директорот
Назив на работно место	Стручен соработник на Директорот (за економски прашања)
Број на извршители	1
Вид на образование	Економски науки
Други посебни услови	
Работни цели	Стручниот соработник со својата работа обезбедува ефикасно и ефективно работење на ЈКП.
Работни задачи	• со своето работно и високо стручно искуство учествува во работата на претпријатието

	посебно во економскиот дел. • консултант е на Директорот и другите негови соработници за оние делови во работата за кои смета дека ќе бидат од корист. • дава стручни појаснувања и совети за поедини прашања и проблеми од страна на економскиот дел. • Дава стручни совети по однос на поплаки и судски спорови. • Учествува во изработката на краткорочни и долгорочни планови на претпријатието.
Одговара пред	Директорот на Претпријатието

1. Сектор за општи, правни работи и човечки ресурси	
1.1.Одделение	
Реден број и шифра	4. КДР 01 02 Б02 015
Звање на работно место	Раководител на сектор
Назив на работно место	Раководител на сектор за општи, правни работи и човечки ресурси
Број на извршители	1
Вид на образование	Правни науки, Економски науки
Други посебни услови	
Работни цели	Обезбедува ефикасно работење на секторот за општи и правни работи и човечки ресурси
Работни задачи	• раководи со секторот; • ја организира, насочува и координира работата на секторот; • врши непосредна контрола и надзор над извршувањето на работите; • ги следи односите, состојбите и прашањата и иницира решавање на одделни проблеми во секторот; • одговара за навремено, законито и квалитетно вршење на работите и задачите во секторот; • дава извештај за реализацијата на програмата за работа на секторот; • остварува редовни контакти и координација на работата со другите раководители на сектори, разменувајќи со нив информации; • иницира нови идеи за работи од областите што ги покрива секторот; • одговара за својата работа во рамките на своите овластувања • Учествува во изработката на краткорочни долгорочни планови на претпријатието.

Одговара пред	Директорот на Претпријатието

1.Сектор за општи, правни работи и човечки ресурси	
1.1. Одделение за општи и правни работи	
Реден број и шифра	5. КДР 01 02 Б04 076
Звање на работно место	Раководител на одделение
Назив на работно место	Раководител на одделение за општи и правни работи
Број на извршители	1
Вид на образование	Правни науки
Други посебни услови	
Работни цели	Раководи со одделението за општи и правни работи и ја координара целокупната работа во истото согласно законската регулатива
Работни задачи	• Раководи со Одделението за општи и правни работи; • Ја организира и координира работата и се грижи за правилно функционирање и унапредување на стручните работи, за законитото работење на одделението, Органот на управување и останатите тела во претпријатието; • Учествува во изготвувањето во нормативната регулатива и во таа смисла дава насоки и поуки; • Врши контрола за навремено утужување и навремено водење на судските предмети. • Се грижи и во таа смисла дава насоки за работата на Одделението за правни и општи работи во врска со водењето на судските предмети и предметите во извршната постапка, води контрола на договорите во облигационите односи во правниот промет и за други правни односи; • Се грижи за благовремено спроведување и извршување на заклучоците, одлуките, препораките на Органот на управување преку соодветните одделенија; • Се грижи навреме и стручно да се обработуваат и усогласуваат интерните акти со позитивните прописи и слично; • го застапува претпријатието пред судовите; • учествува во изготвувањето на сите договори;
Одговара пред	Директорот, Раководителот на сектор за општи, правни работи и човечки ресурси

1. Сектор за општи, правни работи и човечки ресурси	
1.1 Одделение за општи и правни работи	
Реден број и шифра	6. КДР 01 02 В01 066
Звање на работно место	Советник
Назив на работно место	Советник за правни работи и подготовка на постапка за експропријација
Број на извршители	1
Вид на образование	Правни науки
Други посебни услови	
Работни цели	Ефикасно спроведување на законските акти и застапување на Претпријатието пред надлежните судови.
Работни задачи	• врши застапување на Претпријатието во судските постапки пред надлежните судови и ги презема сите потребни правни дејствија во постапките за предмети кои бараат поголема стручност и одговорност, односно се од особена важност за Претпријатието; • врши проучување и стручна обработка на судските и другите предмети; • подготвува барања за извршување преку извршител и одржува постојана комуникација со извршителите и врши подготовка на постапка за експропријација ; • составува писмени поднесоци: предлози, приговори, жалби, одговори на жалби, тужби, противтужби, одговори на тужби, вонредни правни лекови и слично; • обезбедува докази, предлага изведување на докази, учествува при вештачења, обезбедува правосилност на пресуди и слично; • • изготвува мислења во врска со предметите со кои е задолжен за работа, по барање на раководителот на одделението; • ги следи законските и подзаконските прописи и другите општи акти од областа на своето работење, како и актите на Општина Битола од областа комуналните дејности и се грижи за нивна примена; • подготвува информации, анализи и извештаи од надлежност на одделението; • одговара за својата работа во рамките на своите овластувања • врши други работи што ќе му ги довери раководителот на одделението за општи и правни работи.
Одговара пред	Директорот, Раководител на сектор за општи, правни работи и човечки ресурси, Раководителот на

	одделението за општи и правни работи

1. Сектор за општи, правни работи и човечки ресурси	
1.1. Одделение за општи и правни работи	
Реден број и шифра	7. КДР 01 02 В03 011
Звање на работно место	Соработник
Назив на работно место	Соработник за правни работи
Број на извршители	1
Вид на образование	Правни науки
Други посебни услови	
Работни цели	Цел на работното место: самостојно ги врши сложените работи и задачи од делокругот на одделението и го следи текот на нивното извршување
Работни задачи	• врши стручни работи во врска со спроведувањето на постапки за дисциплинска и материјална одговорност, ги прочува сите списи во врска со поведената постапка; • прибира докази по доставена пријава за повреда на работниот ред и дисциплина или причинета штета од работник; • дава стручни мислења на органите надлежни за донесување на првостепени или второстепени одлуки за дисциплинска и материална одговорност согласно законот и актите: • учествува во подготвоките на седниците на второстепената комисија за разгледување на приговори по одлуки на првостепен орган, и во подготовката на писмени одлуки од првостепен или второстепен орган по спроведените постапки; • изготвува одлуки по приговори на работници за неостварен стимулативен дел од платата по претходно прибирање на докази за оправданост/ неоправданост на неостварениот стимул; • учествува во вршењето на стручните работи поврзани со свикување и работата на Управниот одбор, Надзорниот одбор и други помошни тела, изготвува покани, изготвува предлог-одлуки, предлог мислења, врши достава на истите; учествува во подготовка на материјалите и комуницира со сите одделенија заради подготовка на седнците на управниот одбор и другите органи; • ги изработува записниците од Управниот одбор, Надзорниот одбор, одлуките, заклучоците и други акти донесени од истите; • учествува во подготовката на покани за седници

	на синдикалните претставници во претпријатието, барања, заклучоци, предлози, соопштенија, решенија за доделување на еднократна помош и сл. • подготвува текстови на договори, барања и други правни акти;комуницира со надлежни органи и институции и судови заради добивање на потребни информации, уверенија, потврди потребни во тековното работење напретпријатието; • поднесува барања за добивање информации за трети лица од надлежни органи и институции потребни во работењето на претпријатието;учествува во подготовка на предлог нормативни акти и измена и дополнување на постоечките во согласност со законите и другите подзаконски акти;
Одговара пред	Директорот, Раководител на сектор за општи, правни работи и човечки ресурси, Раководителот на одделението за општи и правни работи

1. Сектор за општи, правни работи и човечки ресурси	
1.1.Одделение за општи и правни работи	
Реден број и шифра	8. КДР 01 02 Г04 007
Звање на работно место	Помлад референт
Назив на работно место	Помлад референт – Правен техничар
Број на извршители	1
Вид на образование	Гимназија, Економија
Други посебни услови	
Работни цели	Реализација на поставените тековни задачи од делогругот на работа во одделението.
Работни задачи	• Ја води целокупната архива на судските и нотарските предмети; • По ставањето на клаузулата за правосилност и извршност, ги внесува во системот и со список ги предава на раководителот, за поднесување барање за присилна наплата до извршител; • Исплатените платни налози преку извршител по добиен список ги доставува до АОП, • Исплатените судски трошоци и камата по добиени каса прими ги внесува во системот; • Прави разни поднесоци до суд, извршители, нотари и до корисници; • Води целокупна евиденција на поднесените тужби, предлози и платени такси;

	• Праќа опомени до корисниците за исплата на долг ; • Во отсуство на архиварот го заменува
Одговара пред	Директорот, Раководител на сектор за општи, правни работи и човечки ресурси, Раководителот на одделението за општи и правни работи

1. Сектор за општи, правни работи и човечки ресурси	
1.1.Одделение за општи и правни работи	
Реден број и шифра	9. КДР 01 02 Г03 118
Звање на работно место	Референт
Назив на работно место	Референт-архивар
Број на извршители	1
Вид на образование	Гимназија, Економија
Други посебни услови	
Работни цели	Ги врши работите и задачите што произлегуваат од прописите за архивско и канцелариско работење
Работни задачи	• ги врши работите и задачите што произлегуваат од прописите за архивското и канцелариско работење; • води деловоден протокол и помошни книги за евиденција на примената и испратената пошта (интерни доставни книги и др.); • врши скенирање на заведените материјали во деловодниот протокол и ги распоредува согласно апликацијата за архивско работење; • примената пошта ја заведува во деловодниот протокол и во интерните книги и ја распоредува по организационите единици на препријајтието; • ги заведува актите за испраќање, задржува еден примерок за архивирање (архивски примерок) и се грижи навреме да бидат испратени; • се грижи за навремено испраќање на итните пратки; ракува со печатите и штембилите на препријатието, за кои е овластен да ракува, ги чува и води сметка да неможат неовластено да се користат; • учествува во средувањето и чувањето на архивската граѓа од трајна вредност и во средувањето и издвојувањето на документираниот материјал; • врши и организира подигање и предавање на поштенските пратки во пошта; • врши и други работи по налог на раководителот.
Одговара пред	Директорот, Раководител на сектор за општи, правни работи и човечки ресурси, Раководителот на одделението за општи и правни работи

1. Сектор за општи, правни работи и човечки ресурси	
1.1.Одделение за општи и правни работи	
Реден број и шифра	10. КДР 01 02 Г03 117
Звање на работно место	Референт
Назив на работно место	Референт –технички секретар
Број на извршители	1
Вид на образование	Гимназија, Економија
Други посебни услови	
Работни цели	Обезбедува навремено, квалитетно доставување на сите информации, документи потребни за работењето на директорот и врши организационо-технички работи во врска со приемот на пошта и странки кај директорот.
Работни задачи	• извршува организациско-технички работи во врска со приемот, средувањето и распоредувањето на поштата на помошниците на директорот, раководителите на секторите и советниците, како и фотокопирање, скенирање и чување на материјалите за потребите на истите; • извршува организациско-технички подготовки и ги закажува состаноците на помошниците на директорот, раководителите и помошниците раководители на секторите и советниците; • ги прима и упатува странките кај директорот, раководителите на секторите и советниците; • врши прием на телефонските повици, испраќа и прима телефакс пораки и врши дистрибуција до крајните корисници; • учествува во подготовката и организацијата на службените патувања во земјата и странство, на директорот, раководителите на секторите и советниците; • обработува на компјутер секакви диктирани, пишувани и печатени текстови и други материјали за потребите на директорот, раководителите и на секторите и советниците;
Одговара пред	Директорот, Раководител на сектор за општи, правни работи и човечки ресурси, Раководителот на одделението за општи и правни работи

1. Сектор за општи, правни работи и човечки ресурси	
1.1.Одделение за општи и правни работи	
Реден број и шифра	11. КДР 01 02 Г04 071
Звање на работно место	Референт
Назив на работно место	Технички секретар и телефонист во Стопански двор
Број на извршители	1
Вид на образование	Гимназија, Економија
Други посебни услови	
Работни цели	Ефикасно извршување на помошно -стручни и административно – технички работи
Работни задачи	• Врши наједноставни рутински помошно-стручни, сметководствени, материјално-финансиски, информативно-документациони работи, • Врши административно-технички, статистички, информатички, кадровски работи • Врши работи од други области а кои се од административна природа, во согласност со упатствата и под надзор и контрола на непосредно претпоставениот раководен административен службеник. • Подготвува материјали, документи и податоци и води евиденции во врска со извршувањето на работите од делокругот на одделението • Врши и други работи утврдени со актот за систематизација на работните места на институцијата.
Одговара пред	Директорот, Раководител на сектор за општи, правни работи и човечки ресурси, Раководителот на одделението за општи и правни работи

1. Сектор за општи, правни работи и човечки ресурси	
1.1.Одделение за општи и правни работи	
Реден број и шифра	12. КДР 04 05 А02 003
Звање на работно место	Курир
Назив на работно место	Курир - доставувач
Број на извршители	1
Вид на образование	Средно
Други посебни услови	
Работни цели	набавува производи и услуги за потребите на претпријатието од добавувачи по налог на раководителот на секторот и одделението, набавените стоки ги испорачува на секторите за кои се однесуваат,

	врши курирски работи во смисла на обезбедување на документација и кореспонденција по налог на раководителот на одделението.
Работни задачи	• ја презема поштата од главната ПТТ единица и ја предава на овластен службеник во архивата; • ги прима предметите за експедиција и ги предава во пошта; • извршува доставување на пошта по организационите единици во Претпријатието; • извршува достава на пошта други организации во градот Битола, • одговара за својата работа во рамките на своите овластувања и • редовно ја доставува поштата од претпријатието до разни правни и физички лицав и • секојдневно ја подига поштата од службениот поштенски фах на јавното претпријатие.)
Одговара пред	Директорот, Раководител на сектор за општи, правни работи и човечки ресурси, Раководителот на одделението за општи и правни работи

1. Сектор за општи, правни работи и човечки ресурси	
1.1.Одделение за општи и правни работи	
Реден број и шифра	13. КДР 04 01 А03 008
Звање на работно место	Чистач
Назив на работно место	Чистач
Број на извршители	2
Вид на образование	Основно
Други посебни услови	
Работни цели	Одржување на хигиена во просториите на Претпријатието.
Работни задачи	• Врши одржавање на општо хигиенските услови во просториите, чистотата во работните простории како и целокупниот инвентар што се наоѓа во нив; • Задолежен е со клучевите од деловните простории и лично е одговорен за секоја настаната штета во просториите; • Должен е да ги пере завесите, ги одржува цвеќињата што се наоѓаат во работните простории; • За своето работење одговорен е пред непосредниот раководител, раководителот на одделението и директорот. • Во осуство на кафекуварот ги исполнува неговите обврски.

Одговара пред	Директорот, Раководител на сектор за општи, правни работи и човечки ресурси, Раководителот на одделението за општи и правни работи

1. Сектор за општи,правни работи и човечки ресурси	
1.1.Одделение за општи и правни работи	
Реден број и шифра	14. КДР 04 04 А03 001
Звање на работно место	Кафекувар
Назив на работно место	Кафекувар
Број на извршители	1
Вид на образование	Основно
Други посебни услови	
Работни цели	Подготовка на безалкохолни топли и ладни пијалоци и одржување на хигиена во бифе.
Работни задачи	• подготвува и служи кафе, чај и безалкохолни пијалоци за деловни гости и за вработените; • води грижа и ја одржува хигиената на инвентарот и просторијата Ги врши сите потребни работи околу припремањето (варењето) на кафе и други топли безалкохолни пијалоци по потреба на директорот ,раководителите на работните единици и одделенијата; • Истите ги послужува и се грижи за хигиената и одржувањето на средствата со кои располага; • осле послужувањето должен е да ја остави просторијата во чиста состојба и истата ја проветрува; • Просторијата во која работи должен е да ја држи во чиста состојба односно хигиената да биде на високо ниво; • Пред отпочнувањето на работното време должен е да ја пребрише прашината од мебелот во деловните простории; • По налог на непосредниот ракокводител врши и други работи од својот домен на работа; • води евиденција и изготвува извештаи за потрошувачката на пијалоците; • се грижи за хигиената на сервисите со кои се служи и за хигиената во работните простории;
Одговара пред	Директорот, Раководител на сектор за општи, правни работи и човечки ресурси, Раководителот на

	одделението за општи и правни работи
1. Сектор за општи, правни работи и човечки ресурси	
1.1.Одделение за општи и правни работи	
Реден број и шифра	15. КДР 04 02 А01 004
Звање на работно место	Референт
Назив на работно место	Референт за обезбедување
Број на извршители	1
Вид на образование	Средно
Други посебни услови	Лиценца за обезбедување, дозвола за ракување со огнено оружје
Работни цели	Организација на работењето на стражарите
Работни задачи	• Директно е одговорен за целокупната работа на стражарите • Врши организација на сменското работење на стражарите и пресметува работни саати за истите • Врши контрола на работата на стражарите • Се грижи за исправноста на оружјето и другата опрема која му е доверена, • Во случај на потреба веднаш и лично интервенира и воспоставува врска со органите на МВР и бара нивна помош, • Врши обезбедување од пожари во Претпријатието, • Врши визуелен преглед на ПП средствата, работните простории и другите објекти, • Во случај на потреба ракува и употребува со средства за ПП заштита,
Одговара пред	Директорот, Раководител на сектор за општи, правни работи и човечки ресурси, Раководителот на одделението за општи и правни работи

1. Сектор за општи, правни работи и човечки ресурси	
1.1.Одделение за општи и правни работи	
Реден број и шифра	16. КДР 04 02 А01 001
Звање на работно место	Стражар
Назив на работно место	Стражар
Број на извршители	23
Вид на образование	Средно
Други посебни услови	Лиценца за обезбедување, дозвола за ракување со огнено оружје
Работни цели	Обезбедување на сигурноста на објектите.
Работни задачи	• Ги обезбедува објектите и околината, • Ги обезбедува опремата и средствата што се во неговиот делокруг,

	• Ја одржува во исправна состојба целата опрема во објектите и околината, • Се грижи за правилно чување и користење на оружјето со кое располага • Се грижи за хигиената во објектите каде ја извршува дејноста • За секој проблем го известува референтот за обезбедување
Одговара пред	Директорот, Раководител на сектор за општи, правни работи и човечки ресурси, Раководителот на одделението за општи и правни работи

1. Сектор за општи, правни работи и човечки ресурси	
1.2. Одделение за човечки ресурси	
Реден број и шифра	17. КДР 01 02 Б04 064
Звање на работно место	Раководител на одделение
Назив на работно место	Раководител на одделение за човечки ресурси
Број на извршители	1
Вид на образование	Правни науки
Други посебни услови	
Работни цели	Раководи со одделението за човечки ресурси и раководи со целокупната работа согласно законот .
Работни задачи	• врши непосредна контрола и надзор над извршувањето на работите, ги распоредува работите и задачите на вработените во одделението; • дава стручна помош, совети и вршење на менторство на останатите административни службеници вработени во одделението со кое раководи; • се грижи за стручното усовршување и работната дисциплина на вработените во одделението со кое раководи; • учествува во оценување на административни службеници во својата институција и на административни службеници во други институции; • подготвува предлог - план за работа на одделението со кое раководи; • подготвува извештаи за напредокот во спроведувањето на програмата за работа на одделението со кое раководи; • подготвува предлози за политики по начелни прашања од надлежност на одделението со кое раководи; • подготвува мислења и анализи за прашања поврзани со одредени политики и со

	остварувањето на програмата за работа на институцијата; • подготвува иницијативи за решавање на одделни прашања и проблеми од делокруг на оделението со кое раководи и други материјали; • Соработува со другите раководни административни службеници од институцијата и со раководни административни службеници на соодветно ниво од други органи, за прашања од делокруг на одделението со кое раководи;
Одговара пред	Директорот, Раководител на сектор за општи, правни работи и човечки ресурси.

1. Сектор за општи, правни работи и човечки ресурси	
1.2.Одделение за човечки ресурси	
Реден број и шифра	18. КДР 01 02 В01 059
Звање на работно место	Советник
Назив на работно место	Советник за човечки ресурси
Број на извршители	1
Вид на образование	Правни науки
Други посебни услови	
Работни цели	Самостојно ги врши работите и задачите од делокругот на одделениета што се однесуваат на правата од работниот однос.
Работни задачи	• Врши стручно-административни, нормативно-правни, извршни, статистички, административно-надзорни, информатички, кадровски, материјални, финансиски, промотивно-информативни работи • Учествува во подготвка на материјали и документи кои содржат: предлози на нацрти на законски и подзаконски акти и други прописи и акти, • изготвува поединечни акти со кои се остваруваат правата на работниците, решенија за остварување право на вработен, за работно место, годишен одмор, пријавување и одјавување на работници, документација за пензионирање, здравствено осигурување, кадровска евиденција во матична книга и објавува потреба од нови вработувања . • води евиденција за бенифициран работен стаж, редовно ги средува и комплетира работните досиеја на вработените по работни единици, како и на работниците на кои им престанал договорот за вработување по било кој основ, • Дава стручна помош, совети и врши менторство

	на административните службеници од пониските нивоа.
Одговара пред	Директорот, Раководител на сектор за општи, правни работи и човечки ресурси, Раководителот на одделението за човечки ресурси.

1.Сектор за општи, правни работи и човечки ресурси	
1.2.Одделение за човечки ресурси	
Реден број и шифра	19. КДР 01 02 В01 001
Звање на работно место	Советник
Назив на работно место	Советник за безбедност и здравје при работа, заштита и спасување, управување со кризи и заштита на животна средина
Број на извршители	1
Вид на образование	Машинство, Животна средина
Други посебни услови	Уверение за положен стручен испит за стручното лице за безбедност и здравје при работа,
Работни цели	Самостојно ги врши најсложените работи поврзани со безбедноста и здравјето при работа
Работни задачи	• ја следи психофизичката состојба на вработените и врши планско и редовно упатување на вработените на здравствени прегледи согласно законските прописи по однапред утврден термин план и предлага вонредни прегледи на вработените, согласно законските прописи и акти на претпријатието; • врши континуирана обука и проверка на знаењата на вработените и привремено ангажираните од областа на безбедноста и здравјето при работа и води соодветна евиденција; • пред склучувањето на договорот за вработување го запознава применият кандидатот со работата, условите на работа, значењето на безбедноста и здравјето при работа како и примената на заштитната опрема и заштитните средства во вршењето на работите и задачите на работното место; • учествува во подготовката на нормативните акти за безбедност и здравје при работа; • учествува во подготовката на програмата за работа на одделението; • учествува во контрола на боледувања на работниците; • учествува во процесот на проценка на ризикот на работните места во претпријатието; • подготвува пријава за несреќа на работа и ја

	доставува до надлежните институции; • подготвува годишни извештаи за повредите при работа и професионалните болести согласно законските прописи од областа на безбедноста и здравјето при работа и се грижи за нивна примена;
Одговара пред	Директорот, Раководител на сектор за општи, правни работи и човечки ресурси, Раководителот на одделението за човечки ресурси.

2. Сектор за финансии, сметководство и комерција	
Одделение	
Реден број и шифра	20. КДР 01 02 Б02 010
Звање на работно место	Раководител на Сектор
Назив на работно место	Раководител на Сектор за финансии, сметководство и комерција
Број на извршители	1
Вид на образование	Економски науки
Други посебни услови	Уверение за овластен сметководител
Работни цели	Обезбедува ефикасно работење на секторот за финансии, сметководство и комерција
Работни задачи	• Ја координира работата и раководи со одделенијата за сметководство и финансии, план и анализа, комерција и АОП, • Дава стручна помош а по потреба учествува во изработка на периодични и завршни сметки, • Ја координира работата на секторот со другите сектори во претпријатието, • Должен е да ги познава законските прописи од областа на сметководство финасии и слично и за правилна примена на истите, • Секојдневно контактира со претставници на други фирми-должници на ЈКП околу наплата на побарувањата,се гружи за обезбедување на средства за норамлно работење на фирмата и за редовно плаќање на обрските кон добавувачите,банките и др. • Учествува во изработката на краткорочни и долгорочни планови на претпријатието.
Одговара пред	Директорот
2.Сектор за финансии, сметководство и комерција	
2.1. Одделение за сметководство	

Реден број и шифра	21. КДР 01 02 Б04 067
Звање на работно место	Раководител на одделение
Назив на работно место	Раководител на одделение за сметководство
Број на извршители	1
